The Institute of Internal Auditors North Macedonia

12/16/2024

# ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТЕЊЕТО НА ЗВРРСМ ЗА 2024

Управен Одбор
ПОДГОТВЕНО ОД:БИЛЈАНА СЕКУЛОВСКА, CIA ПРЕТСЕДАТЕЛ НА УО

Содржина

1. *Историски преглед на ЗВРРСМ* . . . 2
2. *Законска регулатива поврзана со внатрешната ревизија* . . . 5
3. Сумарен план на активности за 2023 година . . . 7
Прилог 1 . . . 9

1. ***Историски преглед на ЗВРРСМ***

- Здружението на Внатрешни Ревизори на Република Северна Македонија (во понатамошниот текст: ЗВРРСМ) е основано на 6.06.2008 година, како подружница на IIA Global. Во периодот од 2008 до 2012 ЗВРРСМ ги помина фазите на развој дефинирани од страна на IIA Global, така што на 29 ноември 2012 доби статус на Институт, односно рамноправен член на IIA Global. Стекнувањето на статусот претставува признание за исполнување на условите и барањата на IIA Global и континуирана усогласеност со истите.

  IIA North Macedonia е сребрена подружница на IIA Global официјално призната за повеќе од десетгодишно постоење и успешни практики во развивање на професијата внатрепна ревизија.

- Структурата, управувањето и работењето на ЗВРРСМ е регулирано со Статут на Здружението на внатрешните ревизори на Македонија.

  Органи на управување на ЗВРРСМ се Собрание и Управен Одбор (во натамошниот текст: УО). Претседател на УО е Билјана Секуловска која е избрана со мнозинско гласови од членовите на УО. На местото Заменик претседател е Горан Дамевски. Членови на Управниот Одбор се следниве лица: Билјана Секуловска, Лирим Амити, Наталија Михајлоска, Билјана Чочовска, Весна Пауновска Петроска, Билјана Јанеска, Валон Омери., Горан Дамевски.

  Мандатот на членовите на УО е 4 години. Во Прилог 1 од овој Извештај даден е преглед на членовите на УО со податоци за времетраење на мандатот за секого поединечно.

Во ЗВРРСМ формално е формирана Комисија за едукација, чии што активности се регулирани со правилник. Нејзина надлежност е изработка на годишниот план на обуки.

- Активностите на ЗВРРСМ се насочени кон унапредување на професијата ***внатрешна ревизија*** во Македонија и нејзино подигнување на високо професионално ниво, зголемување на знаењето и професионалноста на членовите, заштита на интересите на членовите, создавање на професионално единство, взаемно помагање на членовите. Доминантно учество имаат внатрешни ревизори од банкарскиот и приватниот сектор а во текот на 2023 година се забележува и зголемен тренд на внатрешни ревизори од државниот сектор.

- ЗВРРСМ е главен промотер на сертификацијата на Внатрешните Ревизори со меѓународно признат сертификат Овластен Внатрешен Ревизор (CIA – Certified Internal Auditor). Сертификацијата ја организира и спроведува IIA Global. Стекнувањето на сертификатот Овластен Внатрешен Ревизор претставува меѓународно призната потврда за високиот степен на професионална компетентност и прифаќање и почитување на Кодексот на етика од страна на поединецот.

- Со датум 19.12.2023 има 36 членови кои се здобиле со сертификат или лиценца од IIA Global:

  - 29 членови поседуваат лиценца за овластен внатрешен ревизори CIA Certified Internal Auditor,
  - 1 Certification in Control Self-Assessment,
  - 3 Certification in Risk Management Assurance,
  - 1 Certified Financial Services Auditor,
  - 2 Certified Government Auditing Professional.

  Лиценцата треба да се одржува секоја година со посета на континуирана обука од 40 часа во текот на годината доколку лицето носител на лиценцата работи внатрешна ревизија или 20 часа доколку лицето не работи внатрешна ревизија.

- Почнувајќи од крајот на 2011, ЗВРРСМ изработува годишен план за одржување на континуирани обуки за членовите. Изборот на теми за обуките се врши врз основа на добиените информации од членовите за нивните потреби и барања како и врз основа на анализа на пазарот за најактуелни теми и трендови во ватрешната ревизија и сродните гранки.

  Врз основа на MRA (Master Relationship Agreement) потпишан помеѓу ЗВРРСМ и IIA Global е договорено дека ЗВРРСМ ќе им овозможи на своите членови 40 часови обука од кои 2 часа на тема етика.

  ЗВРРСМ одржа **47 часа** обука во текот на 2024 година и тоа следниве обуки:

1. **24.01.2024 - Бесплатен вебинар за новите Глобални Стандарди за внатрешна ревизија – 1 CPE**

2. **14.03.2024 - AUDIT MEET UP - 5 CPE**

- "Управување со IT ризик од надворешни добавувачи" – Сашо Мицков
- "Social Engineering како закана во Cyber безбедноста"- Глигор Брашнарски

3. **10.04.2024 – Бесплатен Вебинар организиран од ECIIA -1 CPE**
   - "How can company boards lead the sustainability transition?"

4. **25.04.2024 - Што да ревидираш кај личните податоци? – 5 CPE (предавач Игор Кузевски)**

5. **20-21.05.2024 - Обука CIA прв дел -12 CPE (предавач Милаим Абдураими)**

6. **27.05.2024 - Обука за развој на софт скилс – 6 CPE**
    - **Тајната на големите бизниси и спортски шампиони (предавач Лазар Ѓуров)**

7. **07.06.2024 – Подготви се за новите стандарди – 7 CPE (Предавач Hans-Peter Lerchner)**

8. **11.06 2024 - Бесплатен вебинар организирано од IIA Global – 1 CPE**
    - 2024 GLOBAL INTERNAL AUDIT STANDARDS

9. **16-17.09.2024 – Меѓународна Конференција во Струга "РЕВИЗИЈА: Иднината е сега!" (AUDIT: The future is now!) во соработка со Институтот на овластени ревизори – 12 CPE вклучувајки 3 CPE за Етика) – на која присуствуваа 240 учесници.**

10. **23.10.2024 - Бесплатен вебинар: " Менаџмент на континуитет на работење и како да се ревидира?" кој беше воден од Komitas Stepanyan, PhD, CRISC, CRMA. – 1 CPE**

11. **04.11.2024 Бесплатен вебинар организиран од IIA Полска – "Transforming Internal Audit" – 1 CPE (воден од Dr Ahmed Shawky)**

12. **13.11.2024 – Бесплатен вебинар организиран од ECIIA за етика – 1 CPE**

13. **22.11.2024 – Бесплатен вебинар организиран од IIA Полска и ACFE Baltics - „Europe Risk Talks" – 2 CPE**

14. **16.12.2024 – Бесплатен вебинар организиран од IIA Полска за Глобалните стандарди – 2 CPE**

- Бројот на членови во ЗВРРСМ во 2024 година изнесува 199 членови. Бројот на членови се одржува константно и сите напори на Управниот Одбор се во насока на развивање на мрежата на членство.

*Членство*

- Согласно Статутот, член на ЗВРРСМ може да биде секое работоспособно физичко лице, кое сака да придонесе за постигнување на целите на ЗВРРСМ.

  Членувањето е доброволно и се врши врз основа на доставување на пополнета и потпишана Пријава од кандидатот и уплата на годишната членарина.

  Членовите на ЗВРРСМ автоматски стануваат членови на Глобалното здружение, здобивајќи се со право на пристап на веб страна на IIA Global и до релевантните стандарди, публикации, попусти за книги и полагање на CIA испитот и сл.

  **Студентите имаат право на бесплатно членство во IIA Global од 2024 година**.

## 15. *Законска регулатива поврзана со внатрешната ревизија*

Нема промени во законската регулатива за внатрешна ревизија во 2024 година. Следниве Законски регулативи се валидни на територијата на нашата земја:

- Согласно **Законот за Ревизија**:
  - „Ревизор" е физичко лице кое поседува уверение за ревизор издадено од Институтот на овластени ревизори на Република Северна Македонија и кое е регистрирано во Регистарот на ревизори согласно овој закон;
  - "Овластен ревизор" е физичко лице кое има добиено лиценца за овластен ревизор издадена од Советот за унапредување и надзор на ревизијата на Република Македонија и е регистрирано во Регистарот на овластени ревизори согласно овој закон.
  - "Уверение за ревизор" е уверение кое го издава Институтот на овластени ревизори на Република Северна Македонија на лица кои го положиле испитот за ревизори;
  - „Лиценца за овластен ревизор" е лиценца која ја издава Советот за унапредување и надзор на ревизијата.

- Согласно **Законот за банки и Законот за супервизија во осигурувањето**, фунцијата на внатрешна ревизија е задолжителна во банките и осигурителните друштва. Наведената регулатива предвидува дека најмалку еден од лицата вработени во внатрешната ревизија треба да биде овластен ревизор. Терминот овластен ревизор во локалната регулатива е дефиниран во Законот за ревизија, каде согласно последните измени, истиот е специфициран и се однесува само на надворешните ревизори.

  Овластените ревизори кои работат во службите за внатрешна ревизија на банките и осигурителните друштва, се соочуваат со сериозни потешкотии и недоследности во делот на професионалното усовршување.

- Согласно **Законот за Трговски друштва**, акционерско друштво кое е голем трговец согласно овој закон, како и друштво чии акции котираат на берза,односно согласно законот за хартии од вредност е со посебни права за известување, е должен да оргaнизира служба за внатрешна ревизија.

Не се наведени потребните сертфикати и образование.

- Согласно **Законот за Јавна Внатрешна Финансиска Контрола**, Службата за внатрешна ревизија е задолжителна во Субјекти од јавниот сектор кои се корисниците на средства од Буџетот на Република Северна Македонија, фондовите, општините и градот Скопје, агенциите и другите институции основани со закон, јавните претпријатија, јавните установи и другите правни лица кои се во државна сопственост или во кои државата е акционер;

  При тоа меѓу другото за внатрешен ревизор, е потребно лицето да поминало обука и положиле испит за овластен внатрешен ревизор во јавниот сектор според Програма за полагање на испит за овластен внатрешен ревизор или да поседуваат меѓународно признат ревизорски сертификат(се признава и CIA).

- Основните барања на ЗВРРСМ за промена на регулативата поврзана со внатрешната ревизија се однесуваат на следново:
  - Дефинирање на терминот Внатрешна Ревизија и Внатрешен Ревизор.
  - Проширување на прифатливата задолжителна сертификација на внатрешни ревизори во Законот за банки и Законот за супервизија на осигурувањето, Закон за Трговско Друштво, односно создавање најмалку еднаков третман меѓу овластените внатрешни ревизори и овластените ревизори при вработување во служба за внатрешна ревизија во банки и финансиски институции;
  - Здружението во текот на 2024 година испрати Допис до Министесртвото за Финансии за промена на законската регулатива и признавање на лиценцата CIA како овластен ревизор со полноправна важност како лиценцата за овластен ревизор од ИОРРСМ во Законот за Банки и Законот за супервизија на осигурување. Средбата помеѓу претставниците на ЗВРРСМ и Министерството на финансии сеуште не е одржана.

- **Новите Глобални Стадарди за внатрешна ревизија се издадоа во текот на 2024 година и ќе почнат да се применуваат од 09ти Јануар 2025 година. Здружението на внатрешните ревизори ги преведе Глобалните Стандарди на македонски јазик и тие се публикувани на македонски јазик на страната на IIA Global.**
  https://www.theiia.org/globalassets/site/standards/editable-versions/global-internal-audit-standards-macedonian.pdf
  **Преводот е направен од страна на Радмила Миловановиќ, а групата за контрола на преводот е составена од следниве членови на УО: Весна Пауновска Петроска, Билјана Јанеска, Горан Дамевски. Билјана Секуловска е вклучена од самиот почеток до крајот на публикување на стандардите во сите фази од преводот.**

- **Предлог Законот за Супервизија на осигурување-** предлог проширување на дефиницијата за овластен ревизор, покрај лиценцата за овластен ревизор на ИОРРМ да се прифати и лиценцата CIA и на други меѓународни организации за ревизија. Исто така во овој предлог Закон е пропишано **сите внатрешни ревизори кои што работат во**

**осигурувањето да бидат членови на IIA North Macedonia**, што е секако за поздрав и претставува огромна важност за вредноста на IIA North Macedonia и нејзината улога во развивање и унапредување на внатрешната ревизија во нашата земја и во регионот. **Предлог Законот за супервизија на осигурување сеуште не е одобрен.**

## 16. *Сумарен план на активности за 2024 година*

- Продолжување на активностите за промена на законската регулатива за внатрешна ревизија во насоки за дефинирање на терминот Внатрешна Ревизија и потребните сертификати и квалификации за Внатрепниот Ревизор;
- Продлабочување на соработката со Институтот на овластени ревизори на Р.С.Македонија во организација на настани, размена на искуства и заеднички настап на проекти;
- Присутност на CEE настанот во Словенија на кој **присуствуваа членови од десет** Институтите за внатрешна ревизија од Централна и Источна Европа во Блед во траење од еден ден. Претставници од IIA North Macedonia беа Биљана Секуловска, Весна Пауновска Петроска, Валон Омери и Љирим Амити.
- IIA Macedonia е прифатена како една од членките на самитот BANAIA. Претставник на BANAIA е Биљана Секуловска која во 2024 година присуствуваше на самитот и беше дел од дискусиите за развој на советодавната улога на внатрешната ревизија. Претставници на настанот беа Viktor Garcia кој е Директор за развоја на мрежа на IIA Global. Исто така беше присутен и претседателот на ECIIA Masimiliano Turconi . После BANAIA самитот се одржа конференција на IIA Turkey на која присуствуваа Биљана Секуловска и Биљана Чочовска.
- Одржување на Годишна Конференција "Ревизија: Иднината е сега!" во соработка на ИОРРСМ во Струга во траење од два дена;
- Зацврстување на соработката со Универзитетот Свети Кирил и Методиј катедрата за сметководство и ревизија;
- Менување на содржината на веб страната со актуелни теми и настани;
- Активни на социјални медиуми на Linkedin и FB.
- Обезбедување на едукација на членовите
    - Одржување на најмалку 40 часа континуелна обука. Продолжување и збогатување на планот за обуки, и поттикнување на волонтерско учество на членовите во споделување на своето знаење. Презентирање на детални квартални планови за обука, изработени врз основа на глобален годишен план
    - Редовно информирање на членовите за одржување на обуки, национални и меѓународни конференции во организација на IIA Global и/или Институти од другите земји.

    - Редовно информирање на членовите за временскиот распоред на бесплатните вебинари, во организација на IIA Global и ECIIA.

- Присуство на Генералното Собрание (General Assembly) на IIA Global кое се одржа во Washingthon DC од страна на двајца членови на УО, Претседателот на УО Билјана Секуловска и Член на УО Весна Пуановска Петроска;
- Присуство на следниве конференции на Институтите во регионот од страна на членови на УО: IIA Croatia, IIA Greece, IIA Turkey.
- Александра Тасева претставник на IIA North Macedonia како предавач на конференцијата одржана од страна на IIA Serbia.
- Учество на Александра Тасева како предавач претставник од IIA North Macedonia на конференцијата на IIA Serbia.

  Членство

    - Константно одржување на бројот на членови на ЗВРРСМ, и соодветно зголемување.
    - Промоција на ЗВРРСМ и диверзификација на членството, вклучување на внатрешни ревизори од индустријата, осигурителните компании и сл.
    - Вклучување на членството во работењето на ЗВРРСМ, преку учество во различни одбори.

- Обезбедување на CIA цертификат
    - Во зависност од потребите на членството, да се организираат понатамошни обука за здобивање со CIA цертификат.
    - Организирање на формални и неформални средби и работни групи помеѓу членовите на ЗВРРСМ за размена на практични искуства од подготвувањето и полагањето на CIA испитите.

Прилог 1

Преглед на членови на УО со времетрање на мандат

| Р.бр. | Име и презиме | Датум на (ре)избор * | Датум на важност |
|---|---|---|---|
| 1. | Билјана Секуловска | 12.12.2022 | 12.12.2026 |
| 2. | Горан Дамевски | 27.03.2023 | 27.03.2027 |
| 3. | Весна Пауновска Петроска | 12.12.2022 | 12.12.2026 |
| 4. | Наталија Михајлоска | 12.12.2022 | 12.12.2026 |
| 5. | Билјана Јанеска | 12.12.2022 | 12.12.2026 |
| 6. | Лирим Амити | 12.12.2022 | 12.12.2026 |
| 7. | Билјана Чочовска | 21.01.2022 | 21.01.2026 |
| 8. | Валон Омери | 12.12.2022 | 12.12.2026 |

* Датумот на (ре)избор е датумот на одржување на Собранието на кое е изгласан изборот, односно реизборот на членот во УО.

Biljana Sekulovska

Digitally signed by Biljana Sekulovska
Date: 2024.12.13 15:08:02 +01'00'